РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 бр. Q-1091/0

Бр./Nr 09-2460/10

17-11-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. број 09-2460/1 од 08.07.2021 година, оформен по доставена пријава за службените лица -------- --------- и --- ---- ------ ------ членови на совет на општина Илинден **СЕ ЗАПИРА.**

По преземање на одредени активности од страна на ДКСК, настаната е промена на фактичката состојба на пријавените лица и ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 08.0.7.2021 година, поднесена е пријава за -------- --------- и --- ---- ------ ------ за кумулација на функции бидејќи покрај членови на Совет во општина --------- истовремено се и членови во Училишен одбор при ООУ „----- ------" -------. Овие функции се неспојливи и спротивни на одредбите од законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, при што оформен е предмет број 09-2460/1 од 08.07.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека на 15.06.2021 година се одржало интервју за избор на директор по јавен оглас за избор на директор на ООУ „------ ------" ------- и на него како членови на Училишен одбор учествувале -------- --------- и --- ---- ------ ------, и изборот е направен во состојба на кумулација на функции.

Заради проверка на наводите изнесени во пријавата, а со цел утврдување на фактичката состојба ДКСК, се обрати до основното училиште „------ ------" ------- и достави Барање за доставување податоци и информации, во врска со постапката за избор на директор на училиштето, како и сите записници од одржаните седници на училишниот одбор. Истовремено достави барање до општина Илинден за добивање решенија за именување на наведените лица за членови на училишниот одбор.

Од обезбедената документација, видно е дека наводите во пријавата се потврдуваат, односно советниците -------- --------- и --- ---- ------ ------ истовремено се и членови на училишниот одбор.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК на 50-та седница донесе одлука со која се констатираше состојба на судир на интереси кај лицата -------- --------- и --- ---- ------ ------ , затоа што постапиле спротивно на член 44 став 4 од ЗСКСИ.

Согласно член 77 став 1 од ЗКСКИ, ДКСК одлуката ја достави до службените лица и од нив побара во рок од 15 дена да преземат дејствија во насока на отстранување на состојбата на судир на интереси. По вака констатираната состојба, службените лица -------- --------- и --- ---- ------ - ------ ја известија ДКСК дека постапиле согласно укажувањето, односно се откажале од вршење на функцијата член на Училишен одбор, за што доставија акт – барање за престанок на функција- член на Училишен одбор.

Имајќи ги во предвид претходно наведеното, ДКСК констатира дека состојбата е променета и одлучи постапувањето по предметот да се запре затоа што постигнат е ефектот, односно надминато е прекршувањето на законските одредби со кои се предвидува забрана за извршување на две функции.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Е.Н, соработник
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk